**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
# НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници во основно и средно образование

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** Првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Материјалот не е од доверлив карактер

**Итност на материјалот :** итен

**Прилог:** 80 примероци од Предлогот

**Дата на доставување на материјалот: .02.2011**

**Министер,**
**Никола Тодоров**

**Изготвил Милка Масникоса**

**Одобрил Стојанчо Стојковски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

# *М Е М О Р А Н Д У М*

## ПРЕДЛОГ НА
## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, февруари 2011 година

**1.Осврт по материјалот:**

Со Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија” број 98/08, 99/09 и 83/10) системски се уредува подготовката, изработката и одобрувањето на учебниците како основно наставно средство во основното и средното образование.

Со Законот за учебници за основно и средно образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за посеопфатна имплементација на задолжителното образование преку обезбедување на бесплатни учебници за секој ученик во основното и средното образование, што е една од мерките за обезбедување достапност на образованието за сите под еднакви услови.

Во рамките на доследното применување на концептот за задолжително основно и средно образование, неопходно е негово натамошно развивање и подобрување со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи обезбедување на квалитетни и современи учебници.

Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека има потреба да се намали бројот на одобрени учебници за еден наставен предмет од три на еден учебник. Ова е заради постигнување на ефикасност во постапките за одобрување на учебници, како и заради намалување на трошоците и подобрување на квалитетот на учебниците.

Со цел да се обезбеди транспарентност во оваа дејност потребно е да се зголемат ингеренциите на Националната комисија за учебници во делот дека истата ги формира рецензентските комисии, од редот на своите членови определува член известител кој ќе реферира за стручните вреднувања од рцензентските комисии и мислењето од Бирото за развој на образованието, води расправа за стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии и доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручно вреднување може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници. Исто така, во ингеренциите на Националната комисија за учебници ќе биде и донесувањето на одлука за одобрување, односно неодобрување и употреба на учебник.

Со цел да се зголеми квалитетот на учебниците за основно и средно образование, во законот се дополнуваат критериумите кој треба да ги исполни

авторот, односно рецензентот на ракопис на учебник и истиот има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој се одобрува учебникот, односно 10 години години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование кое е соодветно според наставната програма за кој се одобрува учебникот.

Се зголемуваат и ингеренциите на Педагошката служба во делот на објавување на јавен оглас за рецензенти во најмалку две јавни гласила и вршењето на избор за рецензенти од пријавените кандидати. Се врши измена и на членот 17-а од законот, односно се допрецизираат основите, постапката и роковите кога се формираат авторските тимови за изработка на ракопис за учебник. Исто така, се врши усогласување и со Законот за авторското право и сродните права.

Се предлага и измена и дополнување во законот во делот на надзорот и прекршочните одредби и глобите предвидени за основното, односно средното училиште, како и за одговорното лице и наставникот бидејќи сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. Исто така за одредени прекрошоци се предвидува постапка за едукација, кој ја спроведува едукацијата и рокот во кој треба да биде спроведена еукацијата. За ова министерот ќе пропише акт за начинот и постапката за едукација

Оттука, се цени дека е потребна измена  и дополнување на постојните одредби на Законот за учебници за основно и средно образование.

**2.Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

Со член 1 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование се пропишува да се намали бројот на одобрени учебници за еден наставен предмет од три на еден учебник. Со членот 2 се зголемуваат ингеренциите на Националната комисија за учебници во делот дека истата ги формира рецензентските комисии, од редот на своите членови определува член известител кој ќе реферира за стручните вреднувања од рцензентските комисии и мислењето од Бирото за развој на образованието, води расправа за стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните

предмети од рецензентските комисии и доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручно вреднување може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници. Исто така, во ингеренциите на Националната комисија за учебници ќе биде и донесувањето на одлука за одобрување, односно неодобрување и употреба на учебник.

Со членот 3 и ставот 2 на членот 4 во законот се дополнуваат критериумите кој треба да ги исполни авторот, односно рецензентот на ракопис на учебник и истиот треба да има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој се одобрува учебникот, односно 10 години години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование кое е соодветно според наставната програма за кој се одобрува учебникот.

Се зголемуваат и ингеренциите на Педагошката служба во делот на објавување на јавен оглас за рецензенти во најмалку две јавни гласила и вршењето на избор за рецензенти од пријавените кандидати (член 4). Со членот 5се менува членот 17 од законот и со истиот се разработува постапката, роковите и телата кои учествуваат во процедурите за одобрување и употреба на учебник во основното и средното образование. Членот 6 се менува членот 17-а со кои се регулираат случаите кога на конкурсот за учебници не се пријавил ниту еден автор на учебник со ракопис за учебник или конкурсот се објавува за наставен предмет кој за прв пат се воведува во основното, односно средното образование или Националната комисија донесе одлука дека не врши избор од доставените ракописи за учебници. Во тој случај министерот за образование и наука, по предлог на директорот на Педагошката служба, формира авторски тим за изработка на ракопис за учебник.

Со членот 7 зборовите „откупување на авторските права“ се заменуваат со зборовите „пренос на материјалното авторско право“ и истото е заради усогласување со Законот за авторско право и сродните права.

Со членот 9 со кој се менува членот 27 се врши категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци, односно да може во зависност од видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна казна, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без оглед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен

прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. За одредени прекршоци е предвидени едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно установите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка (член 26-б), а надзорот над спороведувањето на овој закон врши Државниот просветен инспекторат (член 26-а). Со членот 10 се утврдува рокот за донесувањето на подзаконските ати од членот 26-б на овој закон, а со членот 11 се регулира дека постапките за одобрување и употреба на учебници во основното и средното образование започнати пред влегување во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите на овој закон

Со оглед дека со овој закон се врши трето изменување и дополнување на одредбите на Законот за учебници за основното и средното образование со членот 12 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за учебници за основно и средно образование. Со членот 8 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Министерство за финансии

Секретаријатот за законодавство

Министерство за правда

.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Владата на Република Македонија да го утврди текстот на Законот за изменување и дополнување на законот учебници за основно и средно образование

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Овој закон не предизвикува финансиски имликации.

**6. Очекувани влијанија:**

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за учебници за основно и средно образование ќе се созде прецизна нормативно-правна основа за надлежностите на Националната комисија за учебници, подобрување на процедурите за одобрување на употреба на учебниците, зајакнување на условите кој може да се јави како автор на учебник, а со тоа и на подобрување на

квалитетот на учебниците, како и усогласување со законодавството од областа на авторското право и сродните права и усогласување со законодавството од областа на прекршочната политика.

.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за учебници за основно и средно образование ќе се создe прецизна нормативно-правна основа за надлежностите на Националната комисија за учебници, Педагошката служба, подобрување на процедурите за одобрување на употреба на учебниците, зајакнување на условите кој може да се јави како автор на учебник, а со тоа и на подобрување на квалитетот на учебниците, како и усогласување со законодавството од областа на авторското право и сродните права и законодавтсвото од областа на прекршочната политика.

Оттука, се цени дека е потребна изменување и дополнување на постојните одредби на Законот за за учебници за основно и средно образование.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

---

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ
ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, февруари 2011 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија” број 98/08, 99/09 и 83/10) системски се уредува подготовката, изработката и одобрувањето на учебниците како основно наставно средство во основното и средното образование.

Со Законот за учебници за основно и средно образование се создадоа нормативно-правни претпоставки за посеопфатна имплементација на задолжителното образование преку обезбедување на бесплатни учебници за секој ученик во основното и средното образование, што е една од мерките за обезбедување достапност на образованието за сите под еднакви услови.

Во рамките на доследното применување на концептот за задолжително основно и средно образование, неопходно е негово натамошно развивање и подобрување со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи обезбедување на квалитетни и современи учебници.

Со започнувањето на примената на Законот за учебници за основно и средно образование во практиката се покажаа дека има потреба да се намали бројот на одобрени учебници за еден наставен предмет од три на еден учебник. Ова е заради постигнување на ефикасност во постапките за одобрување на учебници, како и заради намалување на трошоците и подобрување на квалитетот на учебниците.

Со цел да се обезбеди транспарентност во оваа дејност потребно е да се зголемат ингеренциите на Националната комисија за учебници во делот дека истата ги формира рецензентските комисии, од редот на своите членови определува член известител кој ќе реферира за стручните вреднувања од рцензентските комисии и мислењето од Бирото за развој на образованието, води расправа за стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии и доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручно вреднување може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници. Исто така, во

ингеренциите на Националната комисија за учебници ќе биде и донесувањето на одлука за одобрување, односно неодобрување и употреба на учебник.

Со цел да се зголеми квалитетот на учебниците за основно и средно образование, во законот се дополнуваат критериумите кој треба да ги исполни авторот, односно рецензентот на ракопис на учебник и истиот има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој се одобрува учебникот, односно 10 години години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование кое е соодветно според наставната програма за кој се одобрува учебникот.

Се зголемуваат и ингеренциите на Педагошката служба во делот на објавување на јавен оглас за рецензенти во најмалку две јавни гласила и вршењето на избор за рецензенти од пријавените кандидати. Се врши измена и на членот 17-а од законот, односно се допрецизираат основите, постапката и роковите кога се формираат авторските тимови за изработка на ракопис за учебник. Исто така, се врши усогласување и со Законот за авторското право и сродните права.

Се предлага и измена и дополнување во законот во делот на надзорот и прекршочните одредби и глобите предвидени за основното, односно средното училиште, како и за одговорното лице и наставникот бидејќи сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. Исто така за одредени прекрошоци се предвидува постапка за едукација, кој ја спроведува едукацијата и рокот во кој треба да биде спроведена еукацијата. За ова министерот ќе пропише акт за начинот и постапката за едукација

Оттука, се цени дека е потребна измена  и дополнување на постојните одредби на Законот за учебници за основно и средно образование.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование е нормирање на одредени ситуации од праксата кои со започнувањето на примената на законот се покажа дека се правно нерегулирани или дека се недоволно прецизно регулирани.

Предлог -законот за измена на Законот за учебници за основно и средно образование се заснова на следните начела:

- обезбедување квалитет во остварувањето на основното и средното образование;

- обезбедување на еднаков пристап за сите ученици во основното и средното образование;

- економичност и ефикасност во обезбедувањето на учебниците за основно и средно образование;

- одмереност и праведност при изрекување на казните за сторените прекршоци.

Предложената измена ги содржи следните решенија:

- се намалува бројот на одобрени учебници за еден наставен предмет од три на еден учебник,

- се зголемуваат ингеренциите на Националната комисија за учебници,

- се зголемуваат ингеренциите на педагошката служба,

- се врши усогласување со законот за авторското право и сродните права,

- се дополнуваат критериумите кој треба да ги исполни авторот, односно рецензентот на ракопис на учебник,

- се врши категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци, односно да може во зависност од видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна казна, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без одлед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. За одредени прекршоци е предвидени едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно институциите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон предизвикува нема да финансиски импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ

СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 99/09 и 83/10), во членот 5 зборовите „можат да бидат одобрени до три учебника“ се заменуваат со зборовите „се одобрува само еден учебник “.

Член 2

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Надлежности на Националната комисија се:

- од рецензентите од соодветна научна област да формира рецензентски комисии за ракописите на учебници,

- на јавниот оглас од членот 16 став (1) од овој закон ако не се јави кандидат од соодветна научна област, избира рецензенти во рецензентската комисија за ракописите на учебници од редот на наставници во основно, средно и високо образование кои ги исполнуваат условите за рецензенти на ракописи на учебници,

-од редот на своите членови определува член известител кој ќе реферира на претседателот и останатите членови на Националната комисија за стручните вреднувања на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии и за мислењето од Бирото за усогласеноста на ракописот на учебник со наставната програма,

- да води расправа за стручните вреднувања на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии и мислењето од Бирото и да одлучува дали стручното вреднување, односно мислењето ќе го прифати или нема да го прифати,

- доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии, може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим составен од најмалку три члена од редот на наставници во основно, средно и високо образование кои ги

исполнуваат условите за рецензенти на ракописи на учебници и кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници,

- да донесува одлука за одобрување и употреба на учебник во основното, односно средното образование или одлука дека не врши избор од доставените ракописи за учебници и

-врши и други работи утврдени со закон.

(2) Националната комисија за одржаните седници задолжително води записник."

Член 3

Во член 10 во ставот (1) по зборот „учебникот" се додаваат зборовите „и кој има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој е наменет учебникот."

Во ставот (2) по зборот „учебникот" се додаваат зборовите „и кој има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование соодветно според наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот."

Член 4

Во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Директорот на Падагошката служба распишува јавен оглас за рецензенти во најмалку две јавни гласила од кој најмалку во по едно од гласилата кои се издаваат на македонски јазик и во гласилата што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и од пријавените кандидати врши избор."

По ставот 1 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Националната комисија, од рецензентите од став (1) на овој член, формира рецензентска комисија која врши стручно вреднување на ракописи за учебник за соодветен предмет, согласно со методологијата што ја предлага Бирото, а ја утврдува министерот."

Во ставот 2 кој станува став (3) бројот „(1)" се заменува со бројот „(2)", а во алинеите 1 и 2 зборот „пет" се заменува со бројот „10".

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 5

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) Педагошката служба ракописот за учебник го доставува до рецензензентската комисија и до Бирото, во рок од седум дена од денот на завршување на конкурсот.

(2) Рецензентската комисија врши стручно вреднување на ракописот согласно Методологијата за вреднување на учебници, во рок од 14 дена од денот на приемот на ракописот за учебник и ја доставува листата на стручно вреднување на ракописите на учебници до директорот на Педагошката служба.

(3) Бирото, во рок од седум дена од денот на приемот на ракописот за учебник, до директорот на Педагошката служба доставува образложено мислење за усогласеноста на ракописот за учебник со наставната програма.

(4) Директорот на Педагошката служба, во рок од три дена од денот на приемот на стручното вреднување од рецензентската комисија и мислењето од Бирото, до членот известителот, односно членовите известители определени од Националната комисија ги доставува стручните вреднувања на ракописите на учебници од рецензентската комисија, ракописите на учебници, како и мислењето од Бирото за усогласеноста на ракописите на учебници со наставната програма.

(5) Ако на конкурсот од членот 12 став (2) од овој закон се доставени повеќе од четири ракописи на учебници за еден наставен предмет, Националната комисија определува два или повеќе членови известители.

(6) Членот известител, односно членовите известители, во рок од 10 дена од денот на приемот на стручните вреднувања на ракописите на учебници од рецензентската комисија, ракописите на учебници, како и мислењето од Бирото, реферира на Националната комисија и дава предлог за избор на најдобар ракопис на учебник.

(7) Националната комисија донесува одлука во рок од три дена од денот на реферирањето на членот известител, односно членовите известители.

(8) Против одлуката на Националната комисија, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, може да се поднесе жалба до комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи во втор степен од областа на образованието.

(9) Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи во втор степен од областа на образованието одлучува по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(10) По конечноста на одлуката за одобрување и употреба на учебникот Педагошката служба објавува каталог на одобрени учебници за употреба на веб страната на Министерството.

(11) Каталогот од ставот (11) на овој член се објавува најдоцна до 30 април во тековната година.

(12) Формата и содржината на каталогот ги пропишува министерот.“

Член 6

Членот 17-а се менува и гласи:

„(1) Ако на конкурсот од членот 12 став (2) од овој закон не се пријави ниту еден автор на учебник со ракопис за учебник или конкурсот се објавува за наставен предмет кој за прв пат се воведува во основното, односно средното образование или Националната комисија донесе одлука дека не врши избор од доставените ракописи за учебници, министерот, по предлог на директорот на Педагошката служба, формира авторски тим за изработка на ракопис за учебник.

(2) Во случаите од став (1) на овој член во составот на авторскиот тим може да се избере и автор кој не ги исполнува условите во однос на работното искуство од најмалку 10 години како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој е наменет учебникот, односно работно искуство од најмалку 10 години како наставник во основно, средно или високо образование соодветно според наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот.

(3) Авторскиот тим од ставот (1) на овој член, најдоцна во рок од 60 дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба доставува ракопис за учебник.

(4) Директорот на Педагошката служба, во рок од два дена од денот на приемот на ракописот за учебник, го доставува до Националната комисија и до Бирото.

(5) Националната комисија, во рок од три дена од денот на приемот на ракописот за учебник, формира рецензентска комисија.

(6) Рецензентската комисија, во рок од три дена од денот на приемот на ракописот за учебник, врши стручно вреднување на ракописот за учебник изработен од авторскиот тим и го доставува до директорот на Педагошката служба.

(7) Бирото, во рок од три дена од денот на приемот на ракописот за учебник, до директорот на Педагошката служба доставува образложено мислење за усогласеноста на ракописот за учебник со наставната програма.

(8) Директорот на Педагошката служба, во рок од два дена од денот на приемот на стручното вреднување од рецензентската комисија и мислењето од Бирото, до членот известителот определен од Националната комисија ги доставува стручните вреднувања на ракописите на учебници од рецензентската комисија, ракописите на учебници, како и мислењето од Бирото за усогласеноста на ракописите на учебници со наставната програма.

(9) Членот известител, во рок од седум дена од денот на приемот на стручните вреднувања на ракописите на учебници од рецензентската комисија, ракописите на учебник и мислењето од Бирото, реферира на Националната комисија и дава предлог за одобрување и употреба на ракописот на учебник од авторскиот тим.

(10) Националната комисија донесува одлука во рок од три дена од денот на реферирањето на членот известител.

(11) Против одлуката на Националната комисија, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, може да се поднесе жалба до комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи во втор степен од обласа на образованието.

(12) Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи во втор степен од обласа на образованието одлучува по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.“

Член 7

(1) Во член 18  во ставовите (1) и (4) зборовите „откупување на авторските права“ се заменуваат со зборовите „пренос на материјалното авторско право“.

(2) Во ставот (2) зборовите „откуп на авторските права“ се заменуваат со зборовите „пренос на материјалното авторско право“.

Член 8

По членот 26 се додава нова глава V-а и два нови члена 26-а и 26-б кои гласат:

„V-а. Надзор

Член 26-а

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот просветен инспекторат.

Член 26-б

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, Државниот просветен инспектор утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 27 став (1) и (2) од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или установата каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, од истекот на рокот од став (1) на овој член.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за една или за повеќе установи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или установата над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или установата над која се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку Државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку Државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(9) Државниот просветен инспекторат води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот. “

Член 9

Членот 27 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното, односно средното училишта ако:

- дозволи продажба на стручна литература и детски списанија во основното, односно средното училиште (член 6-а став (3));

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното, односно средното училишта ако:

- не формира фонд на учебници (член 26 став (4)), и

- не организира прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници (член 26 став (5)),

(4) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (3) на овој член.

(5) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното, односно средното училишта ако:

- употреби учебници кои не се одобрени од Националната комисија (член 17 став 8)).

(6) Глоба во износ од 5.000 до 7.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (6) на овој член.

(7) Глоба во износ од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на наставникот за прекршокот од ставот (6) на овој член.“

Член 10

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Постапките за одобрување и употреба на учебници во основното и средното образование започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите од овој закон.

Член 12

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за учебници за основно и средно образование.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование.

Со член 1 од Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование се пропишува да се намали бројот на одобрени учебници за еден наставен предмет од три на еден учебник. Со членот 2 се зголемуваат ингеренциите на Националната комисија за учебници во делот дека истата ги формира рецензентските комисии, од редот на своите членови определува член известител кој ќе реферира за стручните вреднувања од рцензентските комисии и мислењето од Бирото за развој на образованието, води расправа за стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии и доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручно вреднување може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници. Исто така, во ингеренциите на Националната комисија за учебници ќе биде и донесувањето на одлука за одобрување, односно неодобрување и употреба на учебник.

Со членот 3 и ставот 2 на членот 4 во законот се дополнуваат критериумите кој треба да ги исполни авторот, односно рецензентот на ракопис на учебник и истиот треба да има најмалку 10 години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование по соодветниот наставен предмет за кој се одобрува учебникот, односно 10 години години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование кое е соодветно според наставната програма за кој се одобрува учебникот.

Се зголемуваат и ингеренциите на Педагошката служба во делот на објавување на јавен оглас за рецензенти во најмалку две јавни гласила и вршењето на избор за рецензенти од пријавените кандидати (член 4). Со членот 5се менува членот 17 од законот и со истиот се разработува постапката, роковите и телата кои учествуваат во процедурите за одобрување и употреба на учебник во основното и средното образование. Членот 6 се менува членот 17-а со кои се регулираат случаите кога на конкурсот за учебници не се пријавил ниту еден автор

на учебник со ракопис за учебник или конкурсот се објавува за наставен предмет кој за прв пат се воведува во основното, односно средното образование или Националната комисија донесе одлука дека не врши избор од доставените ракописи за учебници. Во тој случај министерот за образование и наука, по предлог на директорот на Педагошката служба, формира авторски тим за изработка на ракопис за учебник.

Со членот 7 зборовите „откупување на авторските права“ се заменуваат со зборовите „пренос на материјалното авторско право“ и истото е заради усогласување со Законот за авторско право и сродните права.

Со членот 9 со кој се менува членот 27 се врши категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци, односно да може во зависност од видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна казна, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без оглед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува основа за изрекување на видот и висината казната. За одредени прекршоци е предвидени едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно установите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка (член 26-б), а надзорот над спороведувањето на овој закон врши Државниот просветен инспекторат (член 26-а). Со членот 10 се утврдува рокот за донесувањето на подзаконските ати од членот 26-б на овој закон, а со членот 11 се регулира дека постапките за одобрување и употреба на учебници во основното и средното образование започнати пред влегување во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите на овој закон

Со оглед дека со овој закон се врши трето изменување и дополнување на одредбите на Законот за учебници за основното и средното образование со членот 12 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за учебници за основно и средно образование. Со членот 8 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за учебници за основно и средно образование се врши изменување и дополнување на членовите 5, 9, 10, 16, 17, 17-а, 18, 26 и 27 решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за учебници за основно и средно образование ќе се создее прецизна нормативно-правна основа за надлежностите на Националната комисија за учебници, подобрување на процедурите за одобрување на употреба на учебниците, зајакнување на условите кој може да се јави како автор на учебник, а со тоа и на подобрување на квалитетот на учебниците, усогласување со законодавството од областа на авторското право и сродните права, како и усогласување со Законот за прекршоците.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ КОЈА СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 5

За еден наставен предмет може да бидат одобрени за употреба до три учебника.

Член 9

Надлежностите на Националната комисија се:
- распишува јавен оглас за рецензиони комисии за ракописите за учебници и врши избор од пријавените кандидати,
- објавува листа на избрани рецензенти во најмалку две јавни гласила;
- од листата на рецензенти предлага членови на рецензентски комисии за ракописите за учебници,
- одлучува по приговори од автори на учебници чии ракописи кои не се избрани на конкурсот,
- до министерот доставува конечна листа на избрани ракописи на учебници, и
- врши други работи согласно овој закон и со деловникот за работа.

Член 10

(1) Автор на учебник е лице со високо образование, магистер или доктор на науки чие образование е од областа на која припаѓа наставниот предмет за кој е наменет учебникот.
(2) Автор на учебник може да биде и лице со високо образование, магистер или доктор на науки чие образование е соодветно според наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот.

Член 16

(1) Директорот на Педагошката служба, по предлог на Националната комисија, формира рецензентска комисија која врши стручно вреднување на ракописи за учебник за соодветен предмет, согласно со методологијата што ја изработува Бирото, а ја утврдува министерот.
(2) Рецензионата комисија од став (1) на овој член е составена од три члена и тоа:
- еден рецензент наставник од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку пет години работно искуство во настава, и
- двајца рецензенти од основно, односно средно училиште соодветни за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку пет години работно искуство во настава.
(3) Во составот на комисијата за стручно вреднување на учебник кој е наменет за учениците кои ја следат наставата на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, еден од членовите е од редот на припадниците на заедниците за кои е наменет учебникот.
(4) Вработен во Министерството, во органите во состав на Министерството, во Центарот за стручно образование и обука, центарот за образование на возрасните, авторот на поднесениот ракопис за учебник, претседателот и членот на Националната комисија или пак лице кое е во друг договорен однос со авторот кои би можеле да влијаат на објективноста на оценувањето, како и членови на

нивното потесно семејство (брачен другар, деца, родители, браќа и сестри) не можат да бидат членови на рецензионата комисија, за што доставува изјава до Педагошката служба.
(5) Начинот на изборот, именувањето и разрешувањето на членовите на рецензентската комисија и начинот на работа на рецензентската комисија ги пропишува министерот.

Член 17

(1) Педагошката служба ракописот за учебник од конкурсот го доставува до рецензентската комисија во рок од седум дена од денот на завршување на конкурсот.
(2) Рецензионата комисија врши стручно вреднување на ракописот согласно со Методологијата за вреднување на учебници во рок од 14 дена од денот на приемот на ракописот за учебник и ја доставува листата на стручното вреднување на ракописите на учебници до директорот на Педагошката служба, со предлог за избор до три највисоко рангирани ракописи на учебници.
(3) Директорот на Педагошката служба, врз основа на стручното вреднување од рецензионата комисија од став (2) на овој член, во рок од три дена прави ранг листа, врши избор на најмногу три ракописи на учебници од ранг листата и ги известува авторите кои учествувале на конкурсот за направениот избор на ракописи за учебници.
(4) Директорот на Педагошката служба ќе донесе решение дека не врши избор на ракопис за учебник ако рецензионата комисија достави негативно стручно вреднување на ракописите за учебници.
(5) Авторот на ракописот на учебник кој е незадоволен од донесеното решение за направениот избор на ракописи на учебници, може да поднесе жалба до Националната комисија, во рок од осум дена од денот на добиеното решение за избор.
(6) По поднесениот приговор од став (4) на овој член Националната комисија одлучува во рок од 15 дена од денот на добивањето на приговорот.
(7) По завршувањето на постапката по приговорите Националната комисија до министерот доставува конечна листа на избрани ракописи на учебници.
(8) Ако нема поднесен приговор на решението од став (3) на овој член, директорот на Педагошката служба до министерот доставува конечен предлог на избрани ракописи на учебници.
(9) Врз основа на конечната листа од став (7), односно конечниот предлог од став (8) на овој член министерот донесува решение за одобрување и употреба на учебникот, најдоцна во рок од 60 дена од денот на завршувањето на конкурсниот рок за доставување на ракописите.
(11) Против решението на министерот, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се поднесе жалба до Второстепена комисија на Владата од областа на образованието.
(12) По конечноста на решението за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба објавува каталог на одобрени учебници за употреба на веб страната на Министерството.
(13) Каталогот од став (10) на овој член се објавува најдоцна до крајот на март во тековната година.
(14) Формата и содржината на каталогот ги пропишува министерот со посебен акт.

Член 17-а

(1) Ако на конкурсот од член 12 став 2 од овој закон не се пријави ниту еден автор на учебник со ракопис за учебник или по конечноста на решението на Националната комисија со кое се потврдува решението на директорот на Педагошката служба од член 17 став 4 од овој закон, директорот на Педагошката служба формира авторски тим за изработка на ракопис за учебник, по предлог од Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

(2) Во авторскиот тим од став 1 на овој член може да бидат вклучени вработени од високообразовните установи, основните училишта, средните училишта, Министерството,органите во состав на Министерството, Центарот за стручно образование и обука, Државниот испитен центар и Центарот за образование на возрасните.

(3) Авторскиот тим од став 1 на овој член, најдоцна во рок од 60 дена од денот на формирањето до директорот на Педагошката служба доставува ракопис за учебник.

(4) По добивањето на ракописот за учебник, директорот на Педагошката служба по предлог на Националната комисија формира рецензиона комисија која врши стручно вреднување на ракописот за учебник изработен од авторскиот тим.

(5) Рецензионата комисија врши стручно вреднување на ракописот, согласно со Методологијата за вреднување на учебници, во рок од пет дена од денот на приемот на ракописот за учебник и стручното вреднување го доставува до Националната комисија.

(6) Ако Националната комисија го прифати стручното вреднување на ракописот, во рок од пет дена од денот на приемот на стручното вреднување, го доставува како конечен предлог за избран ракопис до министерот.

(7) Врз основа на конечниот предлог од став (6) на овој член, министерот донесува решение за одобрување и употреба на учебникот, надоцна во рок од пет дена од денот на доставувањето на конечниот предлог.

(8) По конечноста на решението за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба го вклучува учебникот во каталогот на одобрени учебници за употреба на веб страната на Министерството.

Член 18

(1) Министерот и авторот на учебникот потпишуваат договор за откупување на авторските права во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

(2) Ако авторот на учебник на конкурсот понудил дополнителна литература согласно член 13 став (2) од овој закон, истата е должен да ги отстапи без откуп на авторските права.

(3) Ако авторот не го потпише договорот од став (1) на овој член, министерот склучува договор со наредниот автор од конечната листа од став (6), односно конечниот предлог од став (7) на член 17 од овој закон.

(4) Министерот и авторскиот тим од член 17-а став (1) од овој закон потпишуваат договор за откупување на авторските права во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски

Член 26

(1) Учебник се повлекува од употреба доколку се донесе нов наставен план и програми или ако се врши изменување или дополнувањата на повеќе од 30% на наставниот план и програми и ако не ги задоволува научно-стручните и методолошките цели.

(2) За повлекување на одобрен учебник од упoтеба министерот формира комисија составена од седум члена од кои по два члена од Министерството, два члена од редот на истакнати наставници и по еден член советник од Бирото или од Центарот за стручно образование и обука или од Центарот за образование на возрасните од областа за која е наменет учебникот, Државниот просветен инспекторат и наставник од соодветен факултет.

(2) По предлог од комисијата од став (2) на овој член, министерот може да повлече од употреба одобрен учебник.

Член 27

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на основното училиште ако:

- дозволи продажба на стручни литература и детски списанија во основното, односно средното училиште (член 6-а став (3))
- употреби учебници што не се одобрени од министерот (член 17 став 8);
- постапи спротивно на членот 24 ставови 1 и 2 од овој закон;
- не формира фонд на учебници (член 26 став 4);

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на директорот на основното училиште ако:

- употреби учебници што не се одобрени од министерот (член 17 став 8);
- постапи спротивно на членот 24 ставови 1 и 2 од овој закон;
- не формира фонд на учебници (член 26 став 4);
- не организира прием, складирање, доделувањето и враќање на комплетите на учебници (член 26 став 5).

(3) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот ако:

- употреби учебници што не се одобрени од министерот (член 17 став 8);
- не им укаже на учениците и родителите дека учебниците не смеат да се оштетуваат, потцртуваат или да се означуваат одделни делови од текстот во учебникот (член 24 став 2);